УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 55 став 1 точка 40 од Статутот на Градежен факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/19), Наставно - научниот совет на Градежен факултет Скопје на 565. седница одржана на 25.03.2026 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-21 95-78
14-04- 20 26 год.

# ОДЛУКА

## за затворање (згаснување) на студиски програми од втор циклус на студии акредитирани во академската 2018/2019 година

1. Се затвораат (згаснуваат) студиските програми за **втор циклус студии** на Градежен факултет Скопје акредитирани во 2018/2019 год., заклучно до 30.9.2026, и тоа:
   - Студиската програма по Градежништво – конструктивна насока
   - Студиската програма по Градежништво – транспортна инфраструктура
   - Студиската програма по Градежништво – хидротехничка насока
   - Студиската програма по Геодезија
   - Студиската програма по Геотехничко инженерство
   - Студиската програма по Менаџмент со недвижности
2. Студентите од втор циклус на студии, кои се запишани на студиските програми што згаснуваат, а кои имаат одобрена тема за изработка на магистерски труд од Наставно - научниот совет на Факултетот 30.9.2026 год., согласно член 69 од *Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.417/2019)*, имаат рок од една година, сметано од денот на одобрувањето на темата на магистерскиот труд, да го изработат и да го предадат магистерскиот труд.

3. Студентите од втор циклус на студии, кои се запишани на студиските програми што згаснуваат, а кои во летниот семестар од учебната 2025/2026 година имаат запишано предмети, согласно член 31 од *Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Градежен факултет - Скопје (Универзитетски гласник бр.622/2022)* можат да ги завршат започнатите студии заклучно со третата (последна) испитна сесија предвидена за предметите запишани во летниот семестар во учебната 2025/2026 година и да пријават магистерска тема до почетокот на летниот семестар од учебната 2026/2027 год. По истекот на овој рок студентите може да ги продолжат студиите по студиската програма акредитирана 2023/2024 год.

4. Студентите кои нема да ги завршат своите обврски до пропишаните термини, врз основа на барање ќе можат да ги продолжат студиите по наредната акредитација со еквиваленција изготвена од колегиумот за втор циклус и соодветна уплата според ценовникот на Факултетот.

ДЕКАН
Проф. д-р Јосиф Јосифовски

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Доставено до:
- Продекани
- Студентска служба
- Архива

Изработила: В.С.
Одобрил: Продекан за настава